Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ВОДИЧ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОПШТИНСКИ ОБВРЗНИЦИ

**февруари, 2011 година**

## Кратка содржина

Вовед ........................................................................................................................3
1. ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ........................5
2. ПРЕДНОСТИ ОД ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО ОПШТИНСКИ ОБВРЗНИЦИ ..........6
3. ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ ...................................................................7
3.1 ЗАКОНСКА РАМКА.......................................................................................7
3.2 ИЗДАВАЊЕ ОБВРЗНИЦИ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА ..................7
3.3 ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ ПО ПАТ НА ЈАВНА ПОНУДА ...................10

# Вовед

Примарна инвестициона цел на секој инвеститор е заштита на капиталот и остварување на релативно повисок принос при минимален ризик. Општинските обврзници се од посебен интерес за инвеститорите, бидејќи локалната власт е гарант за нивно враќање, а дополнителен поттик е неоданувањето на приходите кои се остваруваат од општински обврзници.

Поим

Обврзница е долгорочна должничка хартија од вредност, со која издавачот се обврзува дека на сопственикот на обврзницата еднократно или во рати, ќе му го исплати на определен ден износот на номиналната вредност на обврзницата и каматата.

Обврзниците како хартии од вредност со фиксен принос, претставуваат финансиско ветување и обврска на едно лице дека ќе исплати определена сума пари на определен датум. Лицето кое се обврзува на ваквото ветување се нарекува „издавач“. Издавачите се должници, додека лицата кои вложуваат во нивните обврзници се кредитори бидејќи тие ги позајмуваат сопствените средства на определен рок и за определен надомест. Издавачи на обврзници можат да бидат држави, државни агенции, општини, општински претпријатија, фирми и организации.

Преку издавање на обврзници, локалната власт позајмува пари од купувачите на општински обврзници и ветува плаќање на главнина и камата за одреден временски период. Каматата најчесто се исплаќа полугодишно, додека главнината може да биде исплатена или по доспевањето или периодично. Приносот на општинските обврзници обично е поголем од приносот што ќе се постигне со инвестирање во депозит во банка. Покрај атрактивните каматни стапки кои се остваруваат, инвеститорот е ослободен од плаќање на персонален данок на доход.

Општинските обврзници котираат на секундарниот пазар така што инвеститорите ја имаат потребната ликвидност.

Обврзниците издадени од единиците на локалната самоуправа се користат за финансирање на проекти од општ интерес или финансирање на тековните потреби на буџетот.

Видови обврзници

Во однос на готовинскиот прилив, разликуваме два вида на општински обврзници. Тоа се: општи обврзувачки и приходни обврзници.

**Општите обврзувачки обврзници** се карактеризираат со обврска издавачот да го врати долгот од било кој извор на приходи на локалната власт. Поради тоа, при издавање на овие обврзници пожелно е пред издавањето да се спроведе јавна дебата.

**Приходните општински обврзници** се издаваат за конкретен проект по чија реализација се очекува да се генерираат приходи. Пример: изградба на водоводни мрежи, канализациони системи, јавни паркинзи, и други проекти од значење за локалните власти.

Постојат повеќе групи на општински обврзници кои поседуваат специфични инвестициони можности. Една од нив е групата на **осигурани општински**

**обврзници**. Осигурителната компанија гарантира дека ќе ја исплати главнината и каматата доколку истата по доспевањето не е исплатена од примарниот должник односно локалната самоуправа.

**Општински обврзници со променлива или подвижна каматна стапка** не носат фиксна каматна стапка и истата се менува со промената на избраните референтни каматни стапки.

**Безкупонските обврзници** не носат камата и се продаваат со дисконт, а инвеститорот во рамките на датумот на достасување го наплаќа целиот износ на основната главнина.

Посебна погодоност имаат обврзниците кои на инвеститорот му даваат можност да ги наплати и пред датумот на доспевање. Тоа се **обврзници со "put" клаузула.** Од друга страна, обврзниците кај кои издавачот во било кое време може да ја повлече емисијата на обврзници пред рокот на доспевање и на инвеститорите да им ги врати вложените пари, се нарекуваат **обврзници со "call" клаузула.**

Препорака за општините:

1. Испитување на пазарот на инвеститори.
2. Утврдување на износот на обврзницата и висината на каматната стапка.
3. Обврзницата да биде ануитетна (полугодишно или годишно), со цел да се постигне атрактивност за инвеститорите, ликвидност и доверба за навремено сервивирање на долгот односно отплата на главнина и камата.
4. Утврдување на рочноста на обврзниците согласно интересот на инвеститорите
5. Избор на начинот на емисија на обврзниците (јавна/приватна понуда) во зависност од спроведената анализа на трошоците поврзани со издавањето и времетраењето на постапката.

# 1. ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

Согласно Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009) општините може да се задолжуваат со склучување на договор за заем или со издавање на обврзници.

Општините може да се задолжуваат по претходна согласност на Владата на Република Македонија, по добиено позитивно мислење од Министерството за финансии.

## 1.1 Лимити за задолжување

Вкупниот износ на недостасан долгорочен долг на општината вклучувајќи ги и сите издадени гаранции не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната година.

При долгорочното задолжување, вкупната годишна отплата на долгот (главнина, камата и други трошоци) направен врз основа на долгорочно задолжување и долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

## 1.2 Постапка за задолжување на општините

Постапката за обезбедување на позитивно мислење за задолжување на општините со заем или издавање на обврзници од страна на Министерството за финансии е регулирана со Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/2005 и 88/2008) и со Упатството за начинот и постапката за задолжување на општините и јавните претпријатија во Република Македонија.

Министерството за финансии ќе изрази позитивно мислење за задолжување на општините преку издавање на обврзници, доколку утврди:

- усогласување на износот на задолжување согласно лимитите во Законот за финансирање на единиците на локалната;
- усогласување на износот на задолжување со таргетите за јавниот долг и фискалниот дефицит

### 1.2.1 Барање за мислење за задолжување

Општините ја започнуваат постапката за задолжување со доставување на Барање на мислење за задолжување до Министерството за финансии.

Потребни пропишани податоци кои општината треба да ги достави до Министерството за финансии за секое ново задолжување се:

- Одлука на Совет на општината;
- Цел на задолжувањето;
- Предлог услови под кои општината сака да се задолжи;
- Пополнети обрасци за задолжување;
- Информација за изворите на средства;
- Изјава на градоначалникот заверена на нотар, со лична кривична одговорност дали има пристигнати ненамирени обврски кон доверителите во рок над 90 дена од датумот на пристигнувањето;

# 2. ПРЕДНОСТИ ОД ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО ОПШТИНСКИ ОБВРЗНИЦИ

### 2.1 Корист за општините од издавањето на обврзници

- Мобилизирање на средства
- Реализирање на планираните развојни проекти
- Забрзување на локалниот и регионалниот економски раст
- Подобрување на локалната економска состојба преку поголеми инвестиции, вработувања, производство и зголемување на квалитетот на живот на граѓаните
- Стекнување на поголема финансиска независност од централната власт

### 2.2 Корист за инвеститорите од купување на обврзници

- Добивање на принос кој зависи од квалитетот на издавачот и рочноста
- Развој на пазарот на капитал и можности за подобра диверзификација на портфолијата
- Приносот од овие обврзници е ослободен од персонален данок на доход
- Инвестирање во развој на средината во која живеат (видливост на ефектите).

# 3. ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ

## 3.1 ЗАКОНСКА РАМКА

Постапката за издавање на хартии од вредност е регулирана со Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008 и 57/2010) и правилниците донесени од Комисијата за хартии од вредност. Согласно Законот за хартии од вредност, издавањето хартии од вредност на примарниот пазар, вклучувајќи ги и сопствените акции, се врши по претходно добиено одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

Согласно Законот, хартии од вредност може да се емитуваат по пат на приватна и јавна понуда.

## 3.2 ИЗДАВАЊЕ ОБВРЗНИЦИ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

Приватната понуда е директна понуда на обврзници до ограничен број инвеститори, со кои општината однапред се договорила да ги откупат обврзниците што се предмет на понудата. За издавање на обврзници по пат на приватна понуда не е потребно да се изготви и публикува проспект. За таа цел, потребно е да се: 1) најде заинтересиран инвеститор за обврзниците; 2) Советот на општината да донесе Одлука за издавање (емисија) на обврзници по пат на приватна понуда; и 3) добие Одобрение од Комисијата за хартии од вредност за издавање на обврзници по пат на приватна понуда.

При издавањето на обврзници по пат на приватна понуда, треба да се има во предвид дека општината може да изврши приватна понуда на обврзници по еден ист основ најмногу еднаш во текот на една календарска година.

**ПРВ ЧЕКОР – Одлука за издавање на обврзници по пат на приватна понуда**

Советот на општината носи Одлука за издавање на обврзници по пат на приватна понуда. Формата и содржината на Одлуката (Актот) за издавање на обврзници е пропишана со Законот за хартии од вредност и со Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност („Службен весник на РМ„ бр.122/2006) – Прилог 1. Со донесување на Одлуката за издавање на обврзници, Советот на општината утврдува и рок во кој истата треба да се спроведе.

Одлуката за издавање на обврзници се состои од 2 дела воведен и главен:

- Воведниот дел на Одлуката за издавање на обврзници се искажува низ именување на одлуката и назначување на правниот основ за донесување на одлуката, надлежниот орган кој ја донесува и местото и времето на донесување.
- Главниот дел на Одлуката ги регулира правата и обврските на општината и купувачот на обврзниците и ги содржи елементите пропишани во член 6 од Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност.

**ВТОР ЧЕКОР - Изнаоѓање на заинтересиран инвеститор**

Издавањето на обврзници по пат на приватна понуда може да се врши само кога емисија на обврзници е наменета на институционални инвеститори (за институционален инвеститор се смета само банка, осигурително друштво, инвестиционен фонд или пензиски фонд).

Во врска со наведените случаи, односно кога е потребно идентификување на т.н. познати купувачи при издавање на обврзници по пат на приватна понуда, со Законот за хартии од вредност е предвидено дека доколку идентитетот на некој од купувачите се промени за времетраење на приватната понуда, општината е должна од Комисијата да добие дозвола за настанатата промена. Доколку идентитетот на некој од купувачите се промени, општината доставува корегиран акт за издавање со точни информации за идентитетот на купувачите.

Истовремено, Комисијата за хартии од вредност ја прогласува за ништовна секоја приватна понуда која завршила со продажба на хартии од вредност на купувач кој не бил именуван во актот за издавање.

**ТРЕТ ЧЕКОР - Барање за одобрение од Комисијата за хартии од вредност за издавање на обврзници по пат на приватна понуда**

Барањето е писмен документ од општината во кој се наведуваат податоци за општината; податоци за органите на општината – Советот на општината и градоначалникот на општината и податоци за претходно издадените обврзници на општината. Барањето задолжително содржи изјава од градоначалникот на општината дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека емисијата е во согласност со закон и актите на општината, податоците наведени во барањето се вродостојни, потполни и точни, и истите даваат целосен и вистински приказ на работењето на општината.

Деталната содржина на барањето за одобрение за издавање на обврзници по пат на приватна понуда е пропишана со Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на Републка Македонија“ бр.6/2007) – Прилог 2.

Согласно Законот за хартии од вредност, во случај на емитување на обврзници при приватна понуда општината до Комисијата доставува: барање за одобрување на издавање на обврзници по пат на приватна понуда; Одлука за издавање на обврзници и предлог на соопштение до јавноста за издавање на приватна понуда со потпис и печат на градоначалникот на општината во форма и содржина утврдена во посебен Правилник за формата и содржината на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда, („Службен весник на РМ“ бр.110/2006) – Прилог 3.

**ЧЕТВРТИ ЧЕКОР - Одлучување по барањето за добивање одобрение за издавање на обврзници по пат на приватна понуда**

Комисијата пристапува кон одлучување по барањето за одобрување на приватна понуда на обврзници откако подносителот до Комисијата ќе поднесе комплетно барање заедно со целокупната документација.

Доколку приватната понуда на обврзници се однесува на должнички хартии од вредност гарантирани од едно или повеќе правни лица, соопштението содржи и основни информации за гарантот на емисијата (фирма, седиште и матичен број на правното лице).

Во случај на поднесување на непотполно, неуредно или барање со формално правни недостатоци, Комисијата ќе му одреди на подносителот рок во кој е потребно да ја дополни документацијата. Доколку подносителот не ја дополни

документацијата и не ги отстрани недостатоците на барањето во наведениот рок, ќе се смета дека подносителот се откажал од барањето, а Комисијата ќе донесе заклучок со кој ќе ја запре постапката поведена по истото.

Комисијата во рок од 15 (петнаесет) календарски дена донесува решение со кое го одобрува или одбива барањето за приватна понуда, сметано од денот на доставување на барањето.

Општината може соопштението за издавање на обврзници по пат на приватна понуда да го објави и во дневен весник што излегува на територијата на Република Македонија и на еден од јазиците на заедниците во Република Македонија.

Обврзниците кои се предмет на приватна понуда се уплатуваат во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението за одобрување на барањето за приватна понуда.

Општината е должна да ги предаде обврзниците за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од 3 (три) работни дена од денот на уплатата на обврзниците.

Општината е должна најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од завршувањето на приватната понуда да ја извести Комисијата и јавноста за количината на запишаните и уплатените обврзници, односно за процентот на реализација на емисијата.

**ПЕТТИ ЧЕКОР - Известување за запишани и платени обврзници и за реализација на приватна понуда на обврзниците**

Општината е должна да извести за запишаните и платените обврзници, однсоно за реализацијата на приватната понуда во согласност со одредбите од Правилникот со кој се утврдува формата и содржината на известувањето за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда и на известувањето за реализација на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.110/2006).

Со писменото известување за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда се известува Комисијата за хартии од вредност и истото се објавува во најмалку еден дневен весник – Прилог 4.

Во прилог кон известувањето, општината задолжително доставува и доказ за реализација на приватната понуда на хартии од вредност, односно уплатите (налози за плаќање, документ за компензација, и др.) – Прилог 5.

## 3.3 ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ ПО ПАТ НА ЈАВНА ПОНУДА

Јавна понуда на хартии од вредност, во смисла на Законот за хартии од вредност, е јавен повик за запишување и купување на хартии од вредност објавен во средствата за јавно информирање. За јавна понуда на хартии од вредност над 25.000 евра е потребно одобрение од Комисија за хартии од вредност.

**ПРВ ЧЕКОР - Одлука за издавање на обврзници по пат на јавна понуда**

Првиот чекор за издавање на обврзници со јавна понуда започнува со донесување на Одлука за издавање на обврзници од страна на Советот на општината со постапка уредена со Закон за хартии од вредност („Сл.весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/07, 7/08 и 57/10), исто како и кај издавањето со приватна понуда.

Содржината на актот, односно Одлуката за издавање на обврзници по пат на јавна понуда е опишана претходно во делот Одлука за издавање на обврзници по пат на приватна понуда.

**ВТОР ЧЕКОР - Избор на надворешни консултанти и склучување на договор со агентот за емисијата на обврзници**

За успешна реализација на емисијата неоходно е ангажирање на правна фирма (доколку општината нема правни капацитети за водење на постапката, обезбедување на потребните документи за добивање на дозвола за емисија), банка или брокерско друштво со двојна функција (финансиски советник и спроведувач на емисијата). Како спроведувач на емисијата може да се појави берзата или депозитарот.

**Овластени банки кои работат со хартии од вредност се:**

1. НЛБ Тутунска Банка АД Скопје - Служба за услуги со хартии од вредност
2. Охридска Банка АД Охрид - Оддел за работа со хартии од вредност при експозитура во Скопје
3. Стопанска Банка АД Скопје-Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско - посреднички услуги
4. Комерцијална Банка АД Скопје -Дирекција за вршење услуги со хартии од вредност
5. ТТК Банка АД Скопје - Оддел за работа со хартии од вредност со седиште во Битола и Работна единица за тргување со седиште во Скопје
6. Централна кооперативна банка АД Скопје-Служба за хартии од вредност

**Овластени брокерски куќи се**:

1. Алта Виста Брокер АД Скопје
2. АУКТОР & ХИТА БРОКЕРИ АД СКОПЈЕ
3. Битола Брокер АД Битола
4. Бро-Дил АД Скопје
5. Еуро Брокер АД Скопје
6. ЕУРОХАУС АД Скопје
7. Илирика Инвестментс АД Скопје
8. ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје
9. Иново Брокер АД Скопје
10. МОЈ БРОКЕР АД Скопје
11. НОВИ ТРИГЛАВ АД Скопје
12. Пеон Брокер АД Скопје
13. Поштел Брокер АД Скопје
14. Фершпед Брокер АД Скопје

**ТРЕТ ЧЕКОР - Барање одобрение од Комисијата за хартии од вредност за издавање на обврзници по пат на јавна понуда**

Општината поднесува барање за одобрение за издавање на обврзници по пат на јавна понуда до Комисијата за хартии од вредност согласно со образецот пропишан во Правилникот за содржината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда („Службен весник на РМ“ бр.6/2007 и 147/2010) – Прилог 6.

Барањето за одобрение содржи: основни податоци за општината; основни податоци за органите на општината (Совет и градоначалник на општината); податоци за финансиското работење на општината; основни податоци за обврзницата што се издава и за намената на средствата од емисијата на обврзници.

**Потребна придружна документација при поднесување на барање**
При поднесувањето на барањето за одобрение општината ги доставува следниве документи:1) статут на општината; 2) завршна сметка за претходните три години во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување; 3) извештај од овластен ревизор за последните три години во согласност со меѓународните ревизорски стандарди; 4) Одлука за издавање на обврзниците; 5) Проспект на општината и покана за запишување и уплата на обврзниците и други информации значајни за купувачите и 6) Изјава од градоначалникот на општината како одговорно лице за содржината на Проспектот - Прилог 7 - дека:

-емисијата е во согласност со закон и со актот за издавање,
-податоците наведени во барањето за одобрение се вистинити и точни
-податоците содржани во Проспектот се вистинити и точни и
-дека во Проспектот не е пропуштена ниедна ценовно чувствителна информација, освен ценовно чувствителните информации чие необјавување е одобрено од Комисијата.

**Проспект**
Согласно Законот за хартии од вредност, издавач на хартии од вредност по пат на јавна понуда е должен да изготви проспект и покана за запишување и уплата на хартии од вредност.

**Проспект** за запишување и уплата на хартии од вредност е писмен документ во кој се содржани сите релевантни податоци за издавачот кои му овозможуваат на купувачот да направи процена за неговото правно, финансиско и деловно работење, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од понудените хартии од вредност.

**Поканата за запишување и уплата** на хартии од вредност претставува извадок од проспектот во кој се содржани основни податоци за хартиите од вредност кои се продаваат по пат на јавна понуда, како и за издавачот на истите. Поканата задолжително содржи исказ дека поканата претставува извадок од проспектот, дека одлуката за инвестирање во хартиите од вредност треба да е заснована на целосната содржина на проспектот и дека целосната содржина на проспектот е достапна бесплатно на местата на запишување на хартиите од вредност и на интернет страницата на берзата.

За веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во Проспектот одговара општината, односно градоначалникот на општината, како и други лица - потписници на проспектот кои изготвиле одредени делови на проспектот - соодветно на делот кој го изготвиле.

Во име и за сметка на општината, проспектот го изготвува овластен учесник на пазарот на хартии од вредност (брокерска куќа, овластена банка или

подружница на странска брокерска куќа), кој има добиено дозвола за работа за вршење на сите услуги со хартии од вредност.

Задолжителната содржина на Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност е пропишана со Правилникот за формата и содржината на проспектот и на поканата за запишување и уплата на хартии од вредност ( "Службен весник " на РМ. бр. 28/08) – Прилог 8. Содржината на проспектот е дадена во Прилог 13.

**ЧЕТВРТ ЧЕКОР – Издавање на Решение за одобрување на барањето за издавање на обврзници**

Комисијата за хартии од вредност носи Решение за одобрување или одбивање на барањето за издавање на обврзници по пат на јавна понуда во рок од 60 календарски дена сметано од денот на поднесувањето на комплетната документација.

Општината е должна да ја започне постапката на запишување и уплата на обврзници во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Решението од Комисијата.

Ако по одобрување на емисијата Комисијата добие информација која би била причина за одбивање на барањето, околностите се промениле до таа мера што за Комисијата веќе не се исполнети условите за одобрување, или кое било поврзано лице издаде реклама спротивно на законот, Комисијата може да донесе решение за поништување на решението за одобрување на емисија.

**ПЕТТИ ЧЕКОР – Започнување на постапка за запишување и уплата на обврзниците**

Општината е должна да ја започне постапката на запишување и уплата на понудените обврзници во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Решението за одобрување од Комисијата за издавање хартии од вредност.

Ако Комисијата, откако одобрила емисија на обврзници, добие информација која доколку била добиена навремено, би била причина за одбивање на барањето или ако околностите се промениле до таа мера што Комисијата веќе нема да го даде своето одобрение и/или општината издаде реклама спротивно на пропишаното со Законот за хартии од вредност, Комисијата може да донесе решение за поништување на Решението за одобрување на емисија, а општината е должна без одлагање да ја запре натамошната продажба на обврзници.

Ако Комисијата го поништи Решението, сите запишувања на обврзниците се откажуваат и сите уплати кои општината ги примила за истите се враќаат на купувачот заедно со депозитна камата. Депозитна камата, согласно дефиницијата на Законот за хартии од вредност е просечната каматна стапка **која ја плаќаат деловните банки во Република Македонија на денарските** депозити на физички лица орочени на период од една година.

**Објавување на поканата за запишување и уплата и на Проспектот**

Општината е должна поканата за запишување и уплата на обврзници да ја објави на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на обврзниците.

Поканата за запишување и уплата на обврзници може истовремено да се објави и во дневен весник што излегува на територијата на Република Македонија на еден од јазиците на заедниците во Република Македонија.

Општината е должна Проспектот и поканата за запишување и уплата на хартиите од вредност да ги објави на интернет страницата на берза, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.

Проспектот се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на општината и на сите места каде што се врши запишување и уплата на обврзниците.

Конечната содржина на Проспектот што е предмет на објавување не смее да се разликува од Проспектот што Комисијата го одобрила при донесувањето на Решението за одобрение за издавање на хартии од вредност.

**Измена на условите во текот на јавната понуда**

Во текот на јавната понуда општината не смее да ги менува статутот и другите акти кои се однесуваат на правата на сопствениците на обврзниците опишани во Проспектот.

Доколку во текот на јавната понуда какви било ценовно чувствителни информации станале неточни или невистинити, или доколку се појават нови информации кои би влијаеле на инвеститорите при донесување на одлука за купување, општината е должна веднаш да ја прекине јавната понуда на обврзниците; да ги извести Комисијата и јавноста; да побара од Комисијата одобрение за соодветни измени на Проспектот во рок од три работни дена од денот на прекинот на јавната понуда и измените да ги објави во јавноста во рок од три работни дена од денот кога е добиено одобрението од Комисијата. Општината е должна да им го достави изменетиот Проспект на сите лица кои претходно имале запишано обврзници за време на јавната понуда заедно со известувањето за лицата кои запишале обврзници за нивното право на откажување на запишувањето на обврзниците.

Имено, секое лице кое запишало или уплатило обврзници врз основа на оригиналниот Проспект, може во рок од 15 календарски дена од денот на приемот на изменетиот Проспект да го откаже запишувањето на обврзниците и да му биде вратен паричниот износ што го имал платено за обврзниците заедно со депозитна камата.

**ШЕСТТИ ЧЕКОР – Рекламирање на јавната понуда**

Општината може да ја рекламира јавната понуда на обврзниците. Рекламите поврзани со јавната понуда на обврзниците треба да содржат информација за денот на првото објавување на Проспектот и местото каде што може да се обезбеди примерок од истиот. Рекламите треба да имаат промотивен карактер и да бидат во согласност со Проспектот за емисија.

**СЕДМИ ЧЕКОР - Постапка за запишување на обврзници**

Запишувањето на јавно понудените обврзници се врши во просториите на општината, или во просториите на овластен учесник на пазарот кој за тоа има договор со општината.

Овластените учесници на пазарот се должни да обезбедат запишувањето на хартиите од вредност да се врши во согласност со Законот за хартии од вредност, со актот на издавање на хартии од вредност (одлуката за емисија на хартии од вредност) и со Проспектот.

За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените обврзници се чуваат на посебна сметка во рамките на единствената трезорска сметка, која не може да биде користена од страна на општината сè додека

јавната понуда не биде успешно завршена согласно Законот за хартии од вредност и Проспектот на издавачот.

Начинот и постапката за запишување на хартиите од вредност кои се издаваат по пат на јавна понуда се врши со издавање на Писмена изјава за запишување на хартии од вредност утврдена во Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 122/06 и 147/2010) – Прилог 9.

**Рок за реализација на јавната понуда**

Рокот за реализација на јавната понуда ја утврдува општината со Одлуката за издавање на обврзници. Со Законот за хартии од вредност се утврдува дека рокот за реализација на јавната понуда не може да биде подолг од 12 месеца од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на обврзниците.

**Завршување на јавната понуда**

Јавната понуда на хартии од вредност се смета за успешно завршена ако во рокот за реализација на емисијата најмалку 60% од озбврзниците понудени во Проспектот се запишани и уплатени, освен ако општината во Проспектот нема утврдено повисок процент на запишување и уплата на обврзниците за емисијата да се смета за успешна.

Ако јавната понуда не се реализира со утврдениот процент на успешност во предвидениот рок, истата се смета за неуспешна, а сите запишувања на обврзници се поништуваат и сите примени уплати за обврзниците се враќаат на инвеститорите заедно со депозитна камата.

Доколку во предвидениот рок за реализација на јавната понуда се запишани и уплатени повеќе од 60% од понудените обврзници или повеќе од процентот предвиден од општината во Проспектот, општината може да ја затвори јавната понуда. Општината е должна да ја извести Комисијата и јавноста за затворањето на јавната понуда најмалку 15 работни дена пред денот кој општината ја определува како ден за завршување на јавната понуда, во форма и содржина пропишана со Правилникот за содржината на известувањето за затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат процент на успешност („Службен весник на РМ“ бр.6/2007) – Прилог 10.

По завршувањето на јавната понуда, сите обврзници кои не се уплатени не може да бидат предмет на продажба.

После успешното завршување на јавната понуда на обврзници, општината ги регистрира хартиите од вредност кај овластен депозитар на хартии од вредност.

За време на јавната понуда, не може да се врши секундарно тргување со обврзниците што се предмет на понудата се додека обврзниците не бидат регистрирани во овластениот депозитар за хартии од вредност.

**ОСМИ ЧЕКОР - Известување за исходот на јавната понуда**

Општината е должна најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на понудата да ја извести Комисијата за бројот на запишаните и уплатени обврзници, односно за процентот на реализација на емисијата.

Општината е должна најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на понудата да ги објави податоците во еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија на македонски јазик и

неговото кирилско писмо. Објавувањето на податоците може да биде и во дневни весници на еден од јазиците на заедниците во Република Македонија.

Доколку општината треба да обезбеди согласност од друг субјект за регистрирање на продадените обврзници, известувањето до Комисијата се доставува по добивањето на таквата согласност.

Содржината на известувањето за запишаните и платените хартиите од вредност, односно за реализација на јавната понуда на емисијата е пропишана со Правилникот за формата и содржината на известувањето за исходот на јавната понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр.6/2007) - Прилог 11 и Прилог 12.

Во прилог кон известувањето за запишани и платени хартии од вредност, до Комисијата за хартии од вредност општината доставува извод од сметката на која се примани уплатите на обврзниците.

**ДЕВЕТТИ ЧЕКОР - Упис на обврзниците во овластен депозитар**

Издадените хартии од вредност во Република Македонија се регистрираат во депозитар во вид на електронски запис.

Хартиите од вредност односно општинските обврзници гласат на име на сопственикот на обврзниците.

Правата и обврските од обврзниците настануваат од моментот на упис во депозитар на хартии од вредност.

- Прилог 1
- Прилог 2
- Прилог 3
- Прилог 4
- Прилог 5
- Прилог 6
- Прилог 7
- Прилог 8
- Прилог 9
- Прилог 10
- Прилог 11
- Прилог 12
- Прилог 13

**ПРИЛОГ 1**

Врз основа на член 190 и член 7 став 2 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на својата седница одржана на 13-10-2006 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност
## (Службен весник на РМ бр.122/2006)

*Предмет на уредување*

### Член 1

(1) Со Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Правилник) се пропишува формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност за следните видови на хартии од вредност: акции во трговските друштва, обврзници, комерцијални записи и сертификати за депозит.

(2) Формата и содржината на актот за издавање на другите видови финансиски инструменти дефинирани како хартии од вредност со член 2 точка 43 од Законот за хартии од вредност дополнително ќе биде регулирана.

*Видови хартии од вредност*

### Член 2

(1) Хартиите од вредност од член 1 на овој Правилник можат да бидат сопственички и должнички хартии од вредност.

(2) Сопственички хартии од вредност се хартии од вредност со кои се докажува правото на сопственост на идеален дел од основната главнина на акционерските друштва.

(3) Должнички хартии од вредност се хартии од вредност со кои се докажува должничко-доверителски однос меѓу издавачот на хартијата од вредност и нејзиниот имател.

*Акт за издавање на хартии од вредност*

### Член 3

(1) Акт за издавање на хартии од вредност е одлука која ја донесува надлежниот орган на издавачот во писмена форма при секое издавање на хартии од вредност, на начин и постапка уредена со закон.

(2) Акт за продажба на сопствени акции е одлука на издавачот на хартии од вредност која се донесува на ист начин и постапка како што се донесува и актот за стекнување на сопствени акции согласно Законот за трговски друштва.

*Содржина на актот за издавање на хартии од вредност*

**Член 4**

(1) Одлуката за издавање на хартии од вредност се состои од два дела: воведен дел и главен дел.

(2) Воведниот дел на одлуката за издавање на хартии од вредност се искажува низ именување на одлуката и назначување на правниот основ за донесување на одлуката, надлежниот орган кој ја донесува и местото и времето на донесување. При именувањето, во насловот на одлуката треба да се наведе редоследот на емисијата на хартии од вредност која е предмет на одлуката (прва т.е. основачка, втора, трета, итн).

(3) Главниот дел на одлуката за издавање на хартии од вредност ги содржи елементите од член 5 и член 6 од овој Правилник и истиот има за цел да ги регулира правата и обврските на издавачот и купувачот на хартиите од вредност од емисијата на хартии од вредност која е предмет на одлуката.

(4) Одлуката за издавање хартии од вредност ја потпишува овластеното лице кое го застапува органот кој ја донел истата и задолжително содржи печат на издавачот на хартии од вредност.

(5) Со донесување на одлуката за издавање хартии од вредност, надлежниот орган на издавачот утврдува и рок во кој истата треба да се спроведе.

(6) Одредбите кои се однесуваат на содржината на одлуката за издавање на хартии од вредност соодветно се применуваат и на одлуката за продажба на сопствени акции освен ако поинаку не е определено со овој Правилник.

**I. Акт за издавање на сопственички хартии од вредност**

*Содржина на актот за издавање на сопственички хартии од вредност*

**Член 5**

(1) Актот за издавање на сопственички хартии од вредност, покрај податоците од член 4 став 2 на овој Правилник ги содржи и следните податоци:

1. фирмата и седиштето на издавачот;
2. предмет на регулирање;
3. начин на издавање на хартии од вредност (јавна понуда или приватна понуда);
4. целта поради која се издаваат хартиите од вредност односно намената на средствата од емисијата;
5. бројот, родот и класата на сопственичките хартии од вредност кои се издаваат;
6. номинална вредност на хартиите од вредност;

7. продажна цена на хартиите од вредност;
8. вкупна (продажна) вредност на емисијата;
9. права кои произлегуваат од обичните акции;
10. права кои произлегуваат од приоритетните акции;
11. право на глас;
12. начин на исплата на дивиденда;
13. право на првенствено купување и редоследот на остварување на првенството;
14. начин, време и место на запишување на хартии од вредност;
15. начин и краен рок на уплата на запишаните хартии од вредност;
16. начин на кој се објавува издавањето на хартиите од вредност (проспект за јавна понуда или соопштение за приватна понуда);
17. постапка за распределба на хартиите од вредност, во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените, во случај на јавна понуда;
18. постапка за распределба на хартиите од вредност помеѓу одделните купувачи во случај на приватна понуда;
19. идентитет на познатите купувачи при приватна понуда на хартии од вредност (за домашни физички лица: име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот; за странски физички лица: име, државјанство и број на пасош; за сите правни лица: име, адреса и седиште на тоа лице), како и обликот и висината на нивните вложувања;
20. процентот на успешност во случај на јавна понуда односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна; и
21. начинот и рокот за враќање на вложените средства на инвеститорите кога јавната понуда е неуспешна.

(2) Покрај податоците од став 1 на овој член, во случај на продажба на сопствени акции актот за продажба на сопствени акции потребно е да ги содржи и следните податоци:

1. причините поради кои се стекнати сопствените акции;
2. причините поради кои се продаваат сопствените акции и
3. делот од основната главнина што го претставуваат сопствените акции што се предмет на понудата за продажба.

(3) Актот за издавање на сопственички хартии од вредност односно за продажба на сопствени акции, покрај наведените елементи може да содржи и други елементи, во зависност од видот и класата на хартиите од вредност што се издаваат.

## II. Акт за издавање на должнички хартии од вредност

### *Содржина на актот за издавање на должнички хартии од вредност*

### Член 6

(1) Актот за издавање на должнички хартии од вредност покрај податоците од член 4 став 2 на овој Правилник ги содржи и следните податоци:

1. фирмата и седиштето на издавачот;
2. предмет на регулирање;
3. начин на издавање на хартии од вредност (јавна понуда или приватна понуда);
4. видот на должничките хартии од вредност што се издаваат и правата што произлегуваат од нив;
5. количина и апоенска структура на хартиите од вредност;
6. номинална вредност на хартиите од вредност што се издаваат;
7. подажна цена на хартиите од вредност;
8. вкупна вредност на емисијата;
9. целта поради која се издаваат хартиите од вредност и намена на средствата од емисијата;
10. податоци за гарантот, доколку емисијата има гарант;
11. серија на хартиите од вредност;
12. висина на каматна стапка, начин на пресметување и исплата на истата;
13. роковите на исплата на номиналната вредност на обврзницата и каматата;
14. висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисијата на должнички хартии од вредност во основната главнина и во главнината;
15. извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност;
16. правната положба односно субординираноста на хартијата од вредност (на пример видот на обврската, положбата во смисла на редоследот во исплатата во однос на други сегашни и идни обврски на издавачот, итн.)
17. ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартии од вредност.
18. начин, време и место на запишување на хартиите од вредност;
19. начин и краен рок на уплата на запишаните хартии од вредност;
20. начин на кој се објавува издавањето на хартиите од вредност (проспект за јавна понуда или соопштение за приватна понуда);
21. постапка за распределба на хартиите од вредност, во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените, во случај на издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда;
22. постапка за распределба на хартиите од вредност помеѓу одделните купувачи во случај на приватна понуда;

23. идентитет на познатите купувачи при приватна понуда на хартии од вредност (за домашни физички лица: име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот; за странски физички лица: име, државјанство и број на пасош; за сите правни лица: име, адреса и регистрирано седиште), како и обликот и висината на нивните вложувања;
24. преносливост на хартијата од вредност;
25. процентот на успешност во случај на јавна понуда односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна;
26. начинот и рокот за враќање на вложените средства на инвеститорите кога јавната понуда е неуспешна и
27. други информации во врска со емисијата на хартии од вредност.

(2) Доколку се издаваат конвертибилни должнички хартии од вредност, со актот за нивно издавање треба да се одреди и типот на хартиите од вредност во кои се конвертираат, како и условите и процедурите за конверзијата.

(3) Актот за издавање на должничките хартии од вредност, покрај наведените елементи може да содржи и други елементи, во зависност од видот на хартиите од вредност што се издаваат.

**Член 7**

Правилникот влегува во сила на денот на објавување во Службен весник на Република Македонија.

**Бр. 03____________/1**
**Скопје, 13-10-2006 година**

**Комисија за хартии од вредност**
**Претседател**
**Проф. Д-р Весна Пендовска**

**ПРИЛОГ 2**

**ОБРАЗЕЦ: Б-ПП**

# Барање за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност

*Напомена: Барањето се пополнува исклучиво на сметачка машина, и се испишува со печатни кирилични букви, уредно и читливо, без какви било корекции на истото. Издавачот е должен да ги обезбеди сите податоци што се пропишани со овој образец односно овој образец треба да е пополнет во целост. Во спротивно барањето нема да се разгледува.*

| **I** | **Податоци за издавачот:** | | |
|---|---|---|---|
| **1.** | **основни податоци за издавачот:** | | |
| | 1.1. фирма и седиште: | | |
| | 1.2. правна форма: | | |
| | 1.3. адреса: | | |
| | 1.4. телефон: | | |
| | 1.5. интернет страница: | | |
| | 1.6. датум на основање: | | |
| | 1.7. матичен број: | | |
| | 1.8. број на решение од трговскиот регистар: | | |
| | 1.9. број на дозволата или друг акт на надлежен орган за основање и работа, во случај кога обврската за добивање дозвола за упис на друштвото во трговскиот регистар е утврдена со закон или друг пропис: | | |
| | 1.10. претежна дејност според регистрација: | | |
| **2.** | **податоци за капиталот на издавачот:** | состојба на денот на последната годишна сметка:<br>*датум:* | состојба по промени што настанале по изготвување на последната годишна сметка:<br>*датум:* |
| | 2.1. вкупен капитал: | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - запишан капитал: | | | |
| | - премии на емитирани акции: | | | |
| | - сопствени акции: | | | |
| | - резерви; | | | |
| | - акумулирана добивка: | | | |
| | - пренесена загуба: | | | |
| | - добивка за годината: | | | |
| | - загуба за годината: | | | |
| | 2.2. вкупен број на хартии од вредност: | | | |
| | - обични акции: | | | |
| | - приоритетни партиципативни акции: | | | |
| | - приоритетни кумулативни акции: | | | |
| | - други (доколку издвачот има издадено и други хартии до вредност кои значат учество во капиталот, потребно е истите да бидат наведени): | | | |
| | 2.3. права од хартиите од вредност: | | | |
| | - обични акции: | | | |
| | - приоритетни партиципативни акции: | | | |
| | - приоритетни кумулативни акции: | | | |
| | - други (доколку издвачот има издадено и други хартии до вредност кои значат учество во капиталот, потребно е истите да бидат наведени): | | | |
| | 2.4. акционери кои учествуваат со повеќе од | акционер: | број и род на акции: | процент во основна главнина: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 5% во основната главнина на издавачот: | | | |
| | 2.5. пазар на кој се тргува со хартиите од вредност: | | | |
| **3.** | **Анализа на финансиското работење на издавачот со состојба на 31. декември за претходните две години:** | *(напомена: податоците од точка 3 може или да се препишат од ревидираните финансиски извештаи или пак да се приложат кон барањето во оригинал или нотарски заверен препис на истите)* | | |
| | 7.1. извештаи на овластен ревизор: | | | |
| | 7.2. ревидирани биланси на успех: | | | |
| | 7.3. ревидирани биланси на состојба: | | | |
| **4.** | **Исплатена дивиденда** | претходна година: | последна година: | |
| | 11.1 на обични акции: | | | |
| | 11.2 на приоритетни партиципативни акции: | | | |
| | 11.3. на приоритетни кумулативни акции: | | | |
| | 11.4. други: | | | |
| **II** | **Податоци за лицата во надзорниот одбор, управниот одбор, односно одборот на директори:**<br>(основни податоци за членовите на надзорниот и управниот одбор или одборот на директори на трговското друштво/ за членовите на управниот и надзорниот одбор, одборот за ризик, одборот за ревизија и работоводниот орган на банката, односно надлежните органи на штедилницата/ за членовите на надлежните органи за управување и надзор соодветно според видот на издавач) | *НАПОМЕНА: графите за податоците за одделните членови на надзорниот одбор, управниот одбор, односно одборот на директори односно на соодветните органи на управување на друштвото - издавач на хартии од вредност ископирајте ги и пополнете ги за секој одделен член на одборот* | | |
| **1.** | **надзорен одбор / неизвршни членови на одбор на директори:** | | | |
| | 1.1. Член А | | | |
| | - име и презиме, датум на раѓање: | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - работно искуство и мандат со кој ја остварува сегашната функција | | | |
| | - сопствено учество во капиталот на друштвото: | | | |
| | - член е на следните управни одбори на други друштва (во случај да не е член во други управни одбори - се пополнува дека не е член на други управни одбори): | | | |
| | - акционер е во следните акционерски друштва (фирма и седиште на друштвото, со кој износ и кој вид на акции): | | | |
| | - (не)осудуваност за кривични дела од областа на финансиското работење и судски постапки во тек во однос на финансиското работење | | | |
| | 1.2. Член Б | | | |
| **2.** | **управен одбор / извршни членови на одбор на директори:** | | | |
| | 2.1. Член А; | | | |
| **3.** | **лице одговорно да го застапува друштвото пред трети лица:** | | | |
| | 3.1. Член А; | | | |
| **III** | **Податоци за претходно издадените хартии од вредност:** | *НАПОМЕНА: по потреба да се додаваат колони за секоја одделна емисија* | | |
| | | *I (основачка)* | *II емисија* | *III емисија* |
| **1.** | редослед на емисијата на хартии од вредност | | | |
| **2.** | број на хартии од вредност одобрени од Комисијата и понудени за продажба, вкупно и по одделни | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | родови и класи | | | |
| **3.** | број на продадени хартии од вредност, вкупно и по одделни родови и класи | | | |
| **4.** | вкупна номинална вредност на реализираниот износ на емисијата на хартии од вредност | | | |
| **5.** | вкупна продажна вредност на реализираниот износ на емисијата на хартии од вредност | | | |
| **6.** | апсолутна вредност (износ) на основната главнина по реализацијата на емисијата на хартии од вредност | | | |
